**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**ПРОГРАМА ЗА РЕФОРМИРАНО ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ**

**НАСТАВНА ПРОГРАМА ПО**

# *Ф И Л О З О Ф И Ј А*

**ЗА IV ГОДИНА**

**Скопје, 2002 година**

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

**1.1.** Назив на наставниот предмет: филозофија
**1.2.** Вид на средно образование: гимназиско
**1.3.** Година (фаза) на изучување на наставниот предмет: четврта година
**1.4.** Број на часови на изучување на наставниот предмет
- Број на часови неделно (неделен контакт): 3 часа
- Број на часови годишно (квота на изучување) 93 часа

**1.5.** Статус на наставниот предмет: задолжителен

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

### 2.1. Општа цел

Општата цел на наставата по филозофија е учениците да стекнат знаења од областа на филозофската мисла, филозофските истражувања и спознанија; да се воведуваат во филозофското разбирање и доживување на светот; да се оспособуваат за самостојно, креативно мислење и развивање на нивна самостојна критичка и вредносна мисла. Истовремено ќе стекнат знаења за развојот на човечката мисла, за поврзаноста и условеноста помеѓу развитокот на мислата; ќе стекнат спознанија за светот и светогледот и развитокот на нашата цивилизација; ќе се запознаат со постулатите на човековата слобода и со принципите на културниот и духовниот развиток на човечкото општество; ќе умеат да го објаснат значењето на хуманистичките аксиолошки принципи, етичката добродетел и естетските вредности како фундаментален човечки принцип; ќе се поттикнуваат на размисла за темелните прашања за човекот, човечкото општество и светот; ќе се развива кај учениците способност за слободен дијалог втемелен врз рационални аргументи.

### 2.2. Конкретни цели

Преку следењето на наставата по филозофија учениците ќе можат:

- да ги разберат духовните стремежи на луѓето низ историјата и на одделните филозофски и научни откритија;
- да анализираат, синтетизираат, апстрахираат и класифицираат;
- да донесуваат точен заклучок;
- да осмислуваат и поставуваат прашања;
- аргументирано да одговараат на прашањата;
- да идентификуваат издржан и толерантен дијалог;
- убаво и точно усно и писмено да се изразуваат;
- да се способат за јавно настапување;
- да комуницираат, особено во интелектуалната сфера;
- да соработуваат со колегите од класот;
- да ја сфатат потребата за постигнување повисоки академски цели и стандарди;
- да развијат чувство за одговорност, самодоверба и чувство на сигурност и духовна стабилност;
- да ги толерираат идеите и животните ставови на другите;
- да изградат отворена, демократска граѓанска свест.

## 3. ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА ПОТРЕБНИ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА НАСТАВАТА

За успешна реализација на наставата по предметот филозофија потребни се знаења од историја, социологија, етика, уметничка култура, како и знаења што ги добиваат учениците преку наставта по другите наставни предмети кои ги следат во подолните класови . Воведувањето на учениците во филозофијата треба да биде мотив и поттик за ученикот да ги продлабочи веќе стекнатите знаења по другите предмети.

## 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

### 4.1. Структуирање на содржините за учење

| Тематски целини | Број на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **1. ВОВЕДНИ СОЗНАНИЈА ЗА ФИЛОЗОФИЈАТА** | **6** | | | |
| **Што е филозофија - предмет на филозофијата**<br>**Проблеми и дисциплини на филозофијата**<br>**Историја на филозофијата** | | Ученикот:<br>- да го разбере филозофскиот начин на мислење.<br>- да умее да ги идентификува основните филозофски проблеми и дисциплини, кои одговараат на основните филозофски прашања;<br>- да се стекне со основни сознанија за историскиот тек на филозофската мисла и за начинот на учење на овој предмет;<br>- да ја разбере филозофијата како основна можност за запознавање на индивидуумот со самиот себеси; | Наставникот:<br>- со кусо предавање ги упатува учениците во значењето на филозофскиот начин на мислење;<br>- води дебата со учениците за потребата од познавањето на комплексните проблеми на животот и на човештвото;<br>организира филозофски работилници на тема:<br>- Науката и настанокот на науките;<br>- Смислата и разбирањето на животот; | - Корелација со историја, литература, уметност,биологија, уметност, социологија и др. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да умее да анализира проблеми од животот, човештвото,<br>- да стекнат знаења за начините на решавањето на овие проблеми во текот на човечката историја. | - Доброто и злото;<br>- Љубов;<br>- Пријателство;<br>- Среќа;<br>- Појава на филозофијата;<br>- За вистината;<br>- За космосот. | |
| **2. АНТИЧКА ФИЛОЗОФИЈА** | **19** | | | |
| **Раѓање на филозофијата**<br>**Антика - темел и столб на европската и светската култура и цивилизација**<br>**Први филозофи: - Милетска школа,**<br>**- Питагора**<br>**Филозофски спротивности: Хераклит и Елејска школа** | | Ученикот:<br>- да ја објасни античката мисла и цивилизација како историска и духовна основа на европската и светската култура;<br>- да умее да ги објасни начелата и содржината на првите појави на филозофијата;<br>- да ја разбере поврзаноста на развитокот на филозофијата со развитокот на научната мисла и со научните системи воопшто; | Наставникот:<br>- кусо предавање за античката мисла и цивилизација како историска и духовна основа на европската и светската култура;<br>- чита кус текст и ги посочува начелата и содржината на првите појави на филозофијата;<br>- ја објаснува поврзаноста на развитокот на филозофијата со развитокот на научната мисла; | Историја: Античка Грција, Македонија и Рим<br>Литература: старогрчка митологија: Софокле, Еврипид и др. драмски писатели, Хомер<br>Ликовна уметност: античка уметност<br>Математика: Питагорина теорема, |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Антички атомисти**<br><br>**Софисти**<br><br>**Сократ**<br><br>**Платон**<br><br>**Аристотел**<br><br>**Хеленистичка филозофија: Киници, Скептици, Епикурејци, Стоици**<br><br>**Плотин** | | - да го сфати процесот на раѓањето на науките од филозофијата;<br><br>- да развие љубов кон мудроста, чувство за убавината на животот и на силата на интелектуалната креација;<br><br>- да развие свест за вистинските духовни и морални вредности. | - работа во групи: раѓањето на науките од филозофијата;<br><br>- го поттикнува раѓањето на свеста за вистинските духовни и морални вредности кај учениците преку читање на делови од книги, фрагменти од филозофски текстови;<br><br>- се презентира филозофска литература;<br><br>- се организира посета на музеј, антички локалитет или театарска претстава;<br><br>- со помош на географски карти се анализираат одредени настани и периоди поврзани со раѓањето на филозофската мисла,<br><br>- се анализираат репродукции на делата на античките уметници, слики на филозофи;<br><br>- се организираат филозофски работилници на тема:<br><br>Од космогонии и теогонии до научен поглед на светот; | Евклидова геометрија<br><br>Физика: атом<br><br>Хемија: квантна механика<br><br>Географија: географска лоцираност на Грција, Македонија и Рим.<br><br>Социологија: Робовладетелско оштество |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Седумте грчки мудреци;<br><br>Источна и западна мисла;<br><br>Анализа на фрагментите на Хераклит, Демокрит или на некој друг антички филозоф;<br>Платон: Сократовата одбрана<br>Аристотел: Политика<br>Сенека: Писма до Луцилиј<br>(Работилница може да се организира и надвор од училиштето.) | |
| **III. СРЕДНОВЕКОВНА ФИЛОЗОФИЈА** | **11** | | | |
| **Монотеистичка религија, духовна универзалност и теократски општества**<br>**Раѓање на христијанството**<br>**Августин**<br>**Византиска филозофија**<br>**Први словенски просветители: Кирил и Методиј, Климент Охридски** | | Ученикот:<br>- да ги споредува карактеристиките на политеизмот и монотеизмот;<br><br>- до го разбере значењето на монотеистичка религија за натамошната светска и европска историја;<br><br>- да го согледа влијанието на монотеистичките религии врз развитокот и суштината на европската и светската култура; | Наставникот:<br><br>- ги запознава учениците со основните принципи на првобитната религиозна мисла (се изработува илустаративен приказ);<br><br>- се чита текст кој го посочува значењето на монотеистичка религија за натамошната светска и европска историја; | Историја: доцнежна антика, феудализам<br>Литература: средновековна литература<br>Ликовна уметност: средновековна уметност и архитектура<br>Географија: видови и имиња на средновековните држави |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Арапска филозофија: раѓање и развој**<br><br>**Тома Аквински** | | - да го сфати средниот век како особена епоха на човечката цивилизација.<br><br>- да ја знае суштината и аспектите на теократските општества;<br><br>- да го согледа местото на филозофското мислење во христијанството и во развојот на христијанската филозофија;<br><br>- да го објасни влијанието на византиската филозофија врз формирањето на мислата кај македонските Словени;<br><br>- да го согледа континуитетот и дисконтинуитетот на античката филозофска мисла;<br><br>- да ја објасни поврзаноста на монотеистичките религии и соодветните филозофски системи;<br><br>- да го согледа значењето на македонските просветители за светската култура; | - Се објаснуваат и опишуваат основните карактеристики на теократските општества (се изработува есеј);<br><br>- работа во групи: местото на филозофското мислење во христијанството и основните етапи на развојот на христијанската филозофија;<br><br>- ги запознава учениците со значењето на македонските просветители за светската култура (живо и сликовито раскажува детали од животот и работата на македонските просветители);<br><br>- поттикнива дискусија и укажува на значењето на религијата и на религиозното мислење денес;<br><br>- организира филозофски работилници: учениците се делат во групи; вршат самостојни истражувања и своите сознанија ги изразуваат преку: тези, краток есеј, шема, цртеж итн. Теми за | Социологија: феудализам |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - до го разбере значењето на религијата и на религиозно мислење денес. | филозофски работилници: Светите книги на религиите; Десете Божји заповеди; Делата и идеите на св. Климент Охридски;<br><br>- организира дискусија за схоластичкиот метод;<br><br>- се води дебата: Дали филозофијата треба да биде „слугинка на теологијата“?;<br><br>- се чита и анализа филозофски текст од средновековен мислител (Ориген, Јован Златоуст, Августин, Фотиј, Псел, Анселмо, Тома Аквински). | |
| **IV. НОВОВЕКОВНА ФИЛОЗОФИЈА** | **15** | | | |
| **Ренесанса:** промена на духот и нова култура<br><br>**Ренесансна наука:** Галилеј и Макијавели<br><br>**Џордано Бруно**<br><br>**Науката во новиот век**<br><br>**Франсис Бекон** | | Ученикот:<br>- да ја осознае преродбата на човечкиот дух и стремежите за слободна мисла;<br><br>- да го објасни големиот подем на науката во новиот век;<br><br>- да ги осознае персоналното и духовното единство на научниците и филозофите; | Наставникот:<br>- користи и демонстрира извори со кои ги запознава учениците со преродбата на човечкиот дух и со стремежите за слободна мисла во периодот на ренесансата;<br><br>- иницира изработка на есеј на тема: како да станеме пријатели сами на себе; | Историја: ренесанса, нов век, Француска револуција<br><br>Литература: ренесансна, нововековна и просветителска литература |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Емпиризам:** Лок, Беркли, Хјум<br><br>**Декарт**<br><br>**Спиноза**<br><br>**Француско просветитекство:** Волтер и Русо<br><br>**Енциклопедисти** | | - да ги сфати основните методолошки насоки на нововековната мисла: емпиризам и рационализам;<br><br>- да го согледа значењето на просветителските тенденции во модерната култура, наука и филозофија;<br><br>- да го сфати значењето на развитокот нановиот научен енциклопедиски дух;<br><br>- да стекне знаења за основите на современиот поглед на свет и современата методологија кои се воспоставени во ренесансата и новиот век. | - ги објаснува основните методолошки насоки на нововековната мисла: емпиризам и рационализам (кусо предавање);<br><br>- ги поттикнува учениците на дискусија за просветителските тенденции во модерната култура, наука и филозофија;<br><br>- организира филозофски работилници по однапред утврдени теми:<br><br>Ренесансата како културна, научна, уметничка појава<br><br>Ревитализација на античката естетика во ренесансната уметност (Ботичели, Микеланџело Леонардо да Винчи....)<br><br>Нов дух во ренесансниот и нововековниот театар (Шекспир, Молиер)<br><br>- се анализираат филозофските дела на бележитите нововековни филозофи (Декарт, Спиноза, Бекон, Лок, Хјум, Русо) | Математика: координатен систем, аналитичка геометрија, инфинитезимална сметка<br><br>Физика: телескоп, хелиоцентричен систем, гравитација, оптика<br><br>Географија: географски откритија, нови континенти во историска перспектива<br><br>Биологија: механицизам<br><br>Социологија: создавање на граѓанското општество, права на човекот |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | - им се презентира на учениците структурата и изгледот на „Енциклопедијата“ и со нови енциклопедисти. | |
| **V. СОВРЕМЕНА ФИЛОЗОФИЈА** | **19** | | | |
| **Филозофија и наука на современото општество**<br><br>**Кант**<br><br>**Хегел**<br><br>**Волунтаризам**: Шопенхауер<br><br>**Позитивизам**: Конт<br><br>**Економски либерализам**: Адам Смит<br><br>**Либерализам**: Џон Стјуарт Мил<br><br>**Социјална критика**: утописти, анархисти и др.<br><br>**Маркс и марксисти**<br><br>**Ниче** | | Ученикот:<br><br>- да го објасни развојот на филозофијата од почетокот на XIX век до денес.<br><br>- да ги осознае карактеристиките на мисловниот развиток во новата епоха на човештвото;<br><br>- да го согледа значењето на достигањата на врвот на филозофирањето кај германската класична филозофија и на натамошниот развиток на филозофската мисла како нејзин континуитет или како нејзина опозиција;<br><br>- да се запознае со новите доминантни духовни пристапи во човечката мисла: критички метод, дијалектика, | Наставникот:<br><br>- Кусо предавање: ги запознава учениците со развојот на филозофијата од почетокот на XIX век до денес;<br><br>- го посочува значењето на достигањата на врвот на филозофирањето кај германската класична филозофија и на натамошниот развиток на филозофската мисла како нејзин континуитет или како нејзина опозиција (организира дискусија);<br><br>- посочува автори и дела на новите доминантни духовни пристапи во човечката мисла: критички метод, дијалектика, волунтаризам, позитивизам, | Историја: XIX век, национални и социјални движења<br><br>Литература: XIX век, наша преродбенска литература<br><br>Ликовна уметност: уметност на XIX век<br><br>Географија: географска карта на државите во XIX век<br><br>Биологија: еволуција<br><br>Социологија: граѓанско општество |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Киркегор** | | волунтаризам, позитивизам, либерализам, социјална и духовна критика, индивидуализам;<br><br>- да ги осознае новите видови значајни човечки сознанија во антропологијата, филозофијата на историјата, аксиологијата, социјалната мисла;<br><br>- да го согледа развитокот на натамошната човечка историја и култура од никулците на филозофската мисла од овој период. | либерализам, социјална и духовна критика, индивидуализам;<br><br>- чита извадоци од текстови и ги запознава учениците со новите значајни човечки сознанија во антропологијата, филозофијата на историјата, аксиологијата, социјалната мисла;<br><br>- организира филозофски работилници по однапред утврдени теми. На пример:<br><br>Влијанието на Француската револуција врз духовните движења и социјалниот развиток<br><br>Универзален филозофски систем кај претставниците на германската класична филозофија<br><br>Анализа на дела на мислителите од XIX век<br><br>Позитивизам во сите форми на човечкото мислење (раѓање на социологијата, психологијата, етнологијата и други нови науки)<br><br>Развојот и основните појави на марксиситичкото движење. | |

| VI. ФИЛОЗОФИЈА НА XX ВЕК | 23 | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Прагматизам**<br>**Интуиционизам:** Бергсон<br>**Фројд и фројдизам**<br>**Феноменолошки метод:** Хусерл<br>**Бертранд Расел**<br>**Неопозитивизам**<br>**Егзистенцијализам**<br>**Карл Попер**<br>**Кибернетика:** Норберт Винер<br>**Ерих Фром**<br>**Биоетика и екологија**<br>**Постмодерна**<br>**Филозофија во Македонија** | | Ученикот:<br>- да идентификува најзначајните мисловни тенденции, филозофски правци и мислители на XX век;<br>- да ги објасни принципите и суштината на човечката мисла во денешната епоха;<br>- да ги осознае главните начела и сознанија на модерната филозофија, методологија, антропологија и етика;<br>- да го разбере континуитетот на човечкото мислење од раѓањето на филозофијата до денес.<br>- да ја сфати суштинската поврзаност меѓу науката и филозофијата, која на нов начин се развива и денес;<br>- да ја согледа универзалноста на човечката мисла во која напоредно учествуваат и творечки придонесуваат различни историски и теориски појави. | Наставникот:<br>- ги запознава учениците со најзначајните мисловни тенденции, филозофски правци и мислители на XX век (се изготвува листа на автори, дела и филозофски правец од овој период и се истакнуваат основните белези);<br>- се изработува илустративен приказ за континуитетот на човечкото мислење од раѓањето на филозофијата до денес;<br>- дава примери од секојдневниот живот и им ја објаснува на учениците суштинската поврзаност меѓу науката и филозофијата во современиот свет;<br>- се анализираат делови од делата на познати мислители во Македонија нивната филозофска мисла; | Историја: XX век, Прва и Втора светска војна, втори и трет милениум<br>Литература: современа светска и македонска литература<br>Ликовна уметност: современа и авангардна уметност<br>Математика: логичка математика, интуиционизам, нови геометрии, информатика<br>Физика: атомистика, теорија на релативноста, астрофизика<br>Хемија: нови материи, технологија |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да се запознае со најновите интелектуални предизвици и духовни форми (екологија, постмодерна и др.);<br><br>- да се запознае со основните интелектуални појави и најзначајните мислители во Македонија. | - користи наставни средства: табла, креда, графоскоп, пано, книги, фрагменти од филозофски текстови, шеми, географски карти, репродукции на делата на уметниците од XX век, слики на филозофи, телевизор, касети итн.;<br><br>- за предавањата и работилници користи: училница, кабинет, а може да се користи и алтернативни простории како на пример информатички кабинет и други простории во училиштето, потоа музеи, изложбени простори, театри итн.<br><br>ПРЕДЛОЗИ ЗА МОЖНИ ТЕМИ ЗА ДИСКУСИЈА (ФИЛОЗОФСКА РАБОТИЛНИЦА)<br><br>Појавите и тенденциите во денешниот свет<br><br>Војни, науки, развиток и катастрофални последици во XX век.<br><br>Што е отворено, а што е затворено општество?<br><br>Информатиката и животот | Географија: универзалноста на светот, Обединети нации<br><br>Биологија: генетика, биотехнологија<br><br>Социологија: револуции, колонизација и деколонизација, класни борби, посткапиталистички и постсоцијалистички општества |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Местото на младите личности во изградбата на хуманото општество<br><br>Клонирање<br><br>Човековата природа<br><br>Човековите права | |

## 4.2. Наставни методи и активности на учење

### Основни наставни методи

За реализација на целите на наставата по наставниот предмет **филозофија,** задолжително треба да се применуваат интерактивни форми и методи (техники на учење и активности).Од интерактивните методи ќе се употребуваат: работа во групи, дискусии, дебати, бура на идеи, анализа на текст и документи, анализа на случај, но и традиционални методи: куси предавања, насочен разговор.

### Активности на ученикот

Методите на работа на наставникот треба да поттикнуваат креативно мислење кај учениците, и користење на различни извори на знаења. Предвидено е практикување на филозофски работилници, со цел ученикот да може да идентификува проблем, да слуша, чита, наблудува, забележува, споредува, анализира, поврзува, разликува воопштува завзема ставови, аргументира, донесува заклучоци. Предвидените посети културни институции (музеи, галерии, театари, кина),ќе провоцираат кај ученикот филозофски начин на размислување, коментари, позитивна критика. Интересот за проблемите на слободата, среќата, љубовта, храброста итн. ќе се актуелизираат преку есејот, преку користењето на електронските медиуми, стручна литература, средби со стручни лица.

**Активности на наставникот**

Примената на интерактивните методи на наставна работа ќе го постават наставникот во нова улога. Од него се очекува да ја организира, координира, инструира работата на часот, да разменува мислења и искуства со учениците. Во одредени ситуации тој треба да ги индивидуализира задачите што им ги задава на учениците, прилагодувајќи ги кон нивните интереси, интелекуални способности и очекувања. Многу е важно наставникот да ги мотивира учениците, да ги охрабрува да го искажуваат своето сопствено мислење за одредени филозофски феномени.

**4.3. Организација и реализација на наставата**

Наставниот предмет филозофија е застапен со 3 часа седмично. Поради природата на наставниот предмет и предвидените активности на часовите, пожелно е да се реализира на **блок часови.** Освен часови за настава од традиционален тип, многу често треба да се применува: анализата на филозофските текстови, чсови за филозофска лектира, посетата на изложби, музеи, театарски и филмски претстави, културно-историски споменици, археолошки локалитети, верски објекти итн. демонстрирање на книги, слики на филозофите за кои се зборува на часот, слики на градовите, куќите, плоштадите кои го евоцираат времето и просторот во коишто живеел некој филозоф, изворни филозофски дела, географско-историски карти и сл.

**4.4. Наставни средства и помагала**

Успешната реализација на наставта по филозофија е условена, покрај другото, и од осмислената технолошка поддршка на наставниот процес. Наставникот треба да користи средства на образовна технологија кои ќе обезбедат динамична и интересна настава. Имено, наставата бара примена на разновидни демостративни наставни средства: графоскоп, видеопроектор, компјутер, употреба на филмот, ѕидни слики, фотографии, шеми, фотокопиран материјал, стручна литература, лексикони, енциклопедии и сл. Учениците треба да користат учебник кој соодветствува со наставната програма.

## 5. ПРОВЕРУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценување на учениците треба да се брши континуирано во текот на целата учебна година и треба да биде филозофски релевантен. Затоа е битно наставникот по филозофија да оствари добра комуникација со своите ученици и низ постојано следење на нивните активности и напредување, заедно со нив, да оформи оценка. Наставникот треба да ги запознае учениците со стандардите , постпките и критериумите за оценување.

Елементите кои треба да ги зема предвид наставникот при формирањето на оценката треба да се разновидни. Во наставната практика по филозофија при формирањето на оценката се тргнува од следните елементи: активноста на ученикот на час, во рамките на дијалогот; усната презентација на ученикот; домашни задачи; есеи; експликации; писмени вежби; тестови на знаење.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни карактеристики на наставникот

Покрај условите пропишани со Законот за средно образование, наставникот треба да поседува квалитетни стручни знаења од наставниот предмет филозофија, но и лични и педагошки квалитети што подразбира: психички и физички здрава личност, отворена и подготвена за соработка во секое време, ентузијаст, која ги почитува етичките вредности, креативна, творечка, елоквентна. Наставникот мра да ја сака и цени педагошката работа, да има желба за сопствено напредување во професијата, да ги мотивира учениците и да ја развива нивната самодоверба.

### 6.2. Стандарди за наставниот кадар

Наставата по филозофија може да ја реализира наставен кадар со:
- завршени студии по филозофија;
- магистер по филозофија (положени испити на постдипломски студии по филозофија и одбранета магистерска теза од областа на филозофијата);
- доктор по филозофски науки (одбранета докторска дисертација од областа на филозофијата).

### 6.3. Стандарди за простор и опрема

Наставата по филозофија треба да се изведува во училница, но и надвор од неа доколку тоа го предвидел натавникот во неговото глобално и тематско планирање на наставата. Училишната инфраструктура треба да опфаќа вообичаен инвентар: клупи, столчиња, табла, шкафови, витрини, графоскоп, видео и ТВ-приемник, фотокопир. Доколку наставникот планира реализација на настава надвор од училиштето, тој реба да направи претходно подготовки во кои ќе го испланира местото времето, активностите и соработнициите со кои ќе се реализира наставата.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКАТА И НОСИТЕЛИТЕ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**7.1. Дата на изработката:** ноември 2003 година

**7.2. Состав на работната група:**

1. Доц. д-р Олга Пешевска -Заревска, наставник по методика на наставата по филозофија на Институтот за филозофија на Филозофскиот факултет во Скопје
2. Проф. д-р Кирил Темков, наставник по етика, естетика и филозофија на менаџерството на Институтот за филозофија на Филозофскиот факултет во Скопје
3. Д-р Стефан Сидовски, професор по филозофија во Гимназијата „Раде Јовчевски - Корчагин“ во Скопје
4. Гордана Трајкова-Костовска, социолог во Биро за развој на образованието, Скопје

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

1.09.2004 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО ФИЛОЗОФИЈА

Наставната програма по предметот *филозофија* ја одобри (донесе): ____________________________________________

____________________________________________ со решение бр. ______________ од _______________година.